# МАТЕРИЈАЛИ

Андрија ЛАИНОВИЌ

## ЕДЕН БЕЛГИСКИ СТАВ ЗА БИТКАТА КАЈ ГРАХОВО, 1858 ГОДИНА

Белгискиот весник од Брисел од 1858 година во својата политичка содржина критички го прикажува политичкиот став на Австрија спрема Турција и Црна Гора во времето на нивниот судир во текот на битката кај Грахово во 1858 година. Австрија тогаш ја одобруваше турската агресивна политика во однос на Црна Гора.

Оригиналот од оваа фотокопија се наоѓа во Народната библиотека во Париз.

### ПРИЛОГ

Брисел, 15 мај 1858 год.

### ПОЛИТИЧКА СОДРЖИНА

Ние веќе неколку пати укажавме на безобзирноста со која Австрија ги третираше одлуките на Парискиот конгрес, секогаш кога тие изгледале спротивни на сметките на нејзината политика, и ја повикуваше на претпазливост Европа на ставот што таа го заседе во Цариград. Уште вчера говоревме дека таа сакала Фуад-Паша да тргне за Виена, каде што го чекале, без сомнение, неговите последни инструкции; денеска добивме некои поединости од нашиот дописник од Цариград, кои потполно ги оправдуваат нашите проценки. Од Париз ни пишуваат дека г. **Прокеч** дошол да го заземе упразнетото место кое што го напушти лордот **Ределиф**; тој разговараше директно, со Султанот, и неговото влијание е дотолку пореално, во колку дипломатските работи на неговата влада се реални, тој ѝ ласка на љубоморната ништожност и на предрасудите на турските политичари, Се зборува дека тој лично преку Султанот му дал наредба на Фуад-Паша да се на-

товари за Трст. Дописите од Виена не известуваат, впрочем, дека во овој град нема да се створаат тајни планови на Австрија во однос на Црна Гора. Како да се сака Планинците да се затворат во нивните неплодни карпи, за подоцна да имаат подобра трговија. Турција се турка да ги заземе плодните делови од рамнината што им припаѓа.

Не може да се земе некоја друга причина за оваа агресија за која ќе биде одговорна турската војска, во моментот кога Франција, Русија и Англија се слагаат да образуваат една комисија со задача да ги утврди границите помеѓу двете држави; во моментот кога прашањето ќе се постави пред конференцијата. Не би се рекло дека тоа е предизвик како одговор на статијата што ја објави Le Moniteur и дека Австрија, бидејќи ја нападна Русија, сака исто така да ја нападне и Франција? Нека таа овде поведе сметка, бидејќи нејзиниот гнев ја однесе премногу далеку, бидејќи тоа истовремено е и напад на нејзиниот сојузник Англија, која што е првиот творец на предлогот за кој ќе зборуваме.

Како што овде можеше да се очекува, статиите во весниците коишто постојано се објавуваа во нашата земја, Le Constitutionnel, и посебно од страна на Moniteur, во врска со прашањето за Црна Гора, предизвикаа вистинска бура во австрискиот печат. Garette Autrichienne им одговара на париските весници со жестина која докажува колку нивните удари биле правилни. На Виена ѝ било најтешко сеќавањето на мисијата на грофот de Linange на којшто потсетува и Le Moniteur Francais:

> „Австриската влада надувено ја напаѓа La Garette Autrichienne, нема потреба да се даваат лекции на која ѝ се упатуваат од крајбрежјето на Сена; не датира од вчера, тој не ја менува политиката со едно движење на раката. Традиционалната влада, ја продолжува традиционалната политика. Мешајќи се, уште пред пет години, во полза на Црна Гора, Австрија се раководела од историјата .Таа сакала да го зачува она што постоело веќе долго време, таа тоа го сака и денеска. Убедени сме, дека Портата и сега ќе ги почитува обврските кои што ги прифатила спрема грофот Линарж“.

Тоа е во секој случај, необичен настап, Австрија да се меша во кругот на Конференцијата во однос на Турција, како нејзин инструмент и нејзин соучесник. Таа игра опасна игра, и не е можно таа тоа да не го знае; но ако таа смело го предизвикува Парискиот мировен договор, тоа е затоа што е убедена дека ова прашање во однос на другите сили — нема да излезе од рамките на дипломатијата. Тоа е неможно, но таа не би требало да заборави дека ако Франција и Русија се така великодушни за да заборават една лоша постапка, Англија има немилосрдно помнење и никогаш не опростува.

Дали Австрија мора секогаш да не води сметка за незначителни последици; со ништо не може да се оправда нападот од страна на Турција вперен спрема подрачјето на Грахово; таа побрзала да ги испревари сите, и низ цела Европа да ја испрати следнава телеграма:

Виена, 13 мај

„Според приватните извештаи од Дубровник од 11-ти, кај Грахово се одиграла една жестока битка, помеѓу Турција од една страна и Црногорците и рајата, од друга страна. Црногорците напаѓале, додека Турците биле во дефанзива. По наредбата на кнезот Данило, Грахово било запалено од страна на сопственото население".

Оваа телеграма француската влада ја заменила со друга, која што ѝ пристигнала од многу сигурен извор, кој ќе го наведеме подоцна, 7000 Турци сакале да стигнат до бреговите на Грахово, коишто храбро ги брането 5000 Црногорци и Баласар Вилон биле спалени.

Превел од француски јазик
Андрија ЛАИНОВИЌ


BRUXELLES, 15 MAI (au soir).

Résumé politique.

Факсимил од оригиналниот текст на написот



**Факсимил од оригиналниот текст на написот**